# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за финансии |
| Назив на предлогот на закон: | Закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурувањето |
| Одговорно лице и контакт информации: | Ленче Тагасовска, Раководител на сектор<br>тел: 3106- 746<br>email: lence.tagasovska@finance.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☐Нацрт<br>☒Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☒Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго ______________________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | нема |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1.* Опис на состојбите

Со Законот за супервизија на осигурување не се уредени осигурувањето на анутитети на корисниците на пензии и пензиски надоместоци, ниту пак доброволното здравствено осигурување како класи на осигурување што се дозволени да ги вршат друштвата за осигурување.

Исто така, постојниот Закон за супервизија на осигурување нема прецизни и јасни одредби за постапката во случај кога бројот на членови на органот на управување во друштво за осигурување се намали под законскиот минимум. Друштвата за осигурување се финансиски институции за кои важат меѓународни стандарди за прудентно управување, што подразбира и одржување на соодветен број на членови на органот на управување и преземање соодветни мерки од страна на супервизорските тела во случај на несоодветен број на членови на органот на управување.

За да се овозможи граѓаните да ги остварат правата кои произлегуваат од Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно здрастено осигурување, има потреба во Законот за супервизија на осигурување осигурувањето на ануитети на пензии и пензиски надоместоци да се воведат како класи на осигурување што, врз основа на дозвола од Агенцијата за супервизија на осигурувањето, можат да ги вршат друштвата за осигурување. Сигурната и континуирана исплата на пензиите и пензиските надоместоци е од примарно значење за граѓаните. Поради тоа, средствата за исплата на пензии и пензиски надоместоци треба да бидат заштитени и исплатата на пензии и пензиски надоместоци да продолжи доколку над друштвото за осигурување се отвори стечај или ликвидација.

### *1.2.* Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување е дадена можност исплатата на пензии од вториот столб и пензиските надоместоци од третиот столб да ја вршат друштвата за осигурување во форма на ануитети. Исто така, со Законот за доброволно здравстено осигурување, се уредува доброволното здравствено осигурување и се дава можност ова осигурување да го вршат друштвата за осигурување.

Донесувањето на овие два закони претпоставува и соодветни измени и дополнувања на Законот за супервизија на осигурувањето.

## 2. Цели на предлог регулативата

Со предложениот Закон, осигурувањето на ануитети за корисници на пензии и пензиски надоместоци од задолжително и доброволно капитално финансирано пензиско осигурувањето и доброволното здравствено осигурување се воведуваат како класи на осигурување што може да ги вршат друштвата за осигурување. Со тоа се создава обврска за осигурителните друштва пред да започнат да ги вршат овие класи на осигурување да добијат дозвола од Агенцијата за супервизија на осигурување.

Заради обезбедување на социјалната сигурност на граѓаните, во случај на стечај или ликвидација на друштвото за осигурување, се предвидува средствата на

граѓаните по основ на пензии и пензиски надоместоци да се издвојат од стечајната постапка на друштвото и да се пренесат на друго друштво за осигурување или во пензиските друштва кои ќе продолжат да ги исплатуваат пензиите и пензиските надоместоци.

Со предложениот закон се уредува и постапката за именување на членови на орган на управување во случај кога нивниот број се намалува под законскиот минимум и се доуредуваат прашањата поврзани со ревизија на друштвата за осигурување.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1. Опис на решението „не прави ништо“

Не прави ништо. Опцијата „не прави ништо“ се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline). Ова не е прифатлива опција бидејќи со одбирањето на оваа опција нема да се постигне целта синхронизација на постоечкиот Закон за супервизија на осигурувањето со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно здравствено осигурување што би довело до проблеми во остварување на правата на осигурениците во вториот и третиот столб на пензиско осигурување.

### 3.2. Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Донесување на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурувањето, со цел синхронизација на постоечкиот Закон за супервизија на осигурувањето со измените кои ги предизвикаа Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно здравствено осигурување.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

### 4.1. Економски влијанија

/

### 4.2. Фискални влијанија

/

### 4.3. Социјални влијанија

Со донесувањето на Предлогот на закон ќе се постигне заштита и сигурна исплата на пензиите од втор и трет столб и ќе се овозможи друштвата за осигурување да вршат доброволно здравствено осигурување.

### 4.4. Влијанија врз животната средина

/

### 4.5. Административни влијанија и трошоци –

а) трошоци за спроведување

б)трошоци за почитување на регулативата

## 5. Консултации

### 5.1. Засегнати страни и начин на вклучување

Направени се консултации и усогласени се ставовите со Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за супервизија на осигурувањето и Секретаријатот за законодавство.

5.2. Преглед на добиените и вградените мислења

5.3. Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

**6. Заклучоци и препорачано решение**

6.1. Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

6.2. Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

Целта на донесување на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурувањето е негово синхронизирање со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно здравстено осигурување.

Главен ризик од недонесување на Предлогот на закон е да остане во примена постојниот закон, што ќе претставува проблем во однос на исплатата на пензии од вториот столб и пензиските надоместоци од третиот столб која е предвидено да ја вршат друштвата за осигурување во форма на ануитети, и исто така во однос на доброволното здравствено осигурување, кое според Законот за доброволно здравствено осигурување може да биде опција понудена од осигурителните компании.

6.3. Препорачано решение со образложение

Основно решение е донесувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнувања на Законот за супервизија на осигурување кое има за цел да овозможи остварување на правата на граѓаните за исплата на пензиите од вториот и третиот столб и за дополнително здравствено осигурување.

-Осигурувањето на ануитети за корисници на пензии и пензиски надоместоци од задолжително и доброволно капитално финансирано пензиско осигурувањето и доброволното здравствено осигурување се воведуваат како класи на осигурување што може да ги вршат друштвата за осигурување. Со тоа се создава обврска за осигурителните друштва пред да започнат да ги вршат овие класи на осигурување да добијат дозвола од Агенцијата за супервизија на осигурување.

-Во случај на стечај или ликвидација на друштвото за осигурување, средствата на граѓаните по основ на пензии и пензиски надоместоци се издвојуваат од стечајната постапка на друштвото и се пренесуваат на друго друштво за осигурување или во пензиските друштва кои ќе продолжат да ги исплатуваат пензиите и пензиските надоместоци. Преносот се врши по пат на аукција.

-Се уредува постапката за именување на членови на орган на управување во случај кога нивниот број се намалува под законскиот минимум.

**7. Спроведување на препорачаното решение**

7.1. Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

/

7.2. Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Подзаконските акти од овој закон се донесуваат најдоцна 120 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

7.3. Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

/

7.4. Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

## 8. Следење и евалуација

8.1. Начин на следење на спроведувањето

8.2. Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Изјава од министерот

Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.

Датум:___________ Наташа Стојмановска

Државен секретар

Изработил: Бисера Јарчевска
Проверил: Ленче Тагасовска
Одобрил: Виолета Стојановска Петровска